ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:21-88/8**

**Дата: 23.02.2012**

## ДО

## НУ МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Национална установа „Македонска опера и балет„ (во понатамошниот текст НУ МОБ) на сметката на основен буџет (631) за 2010 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за наменското и законско користење на средствата на НУ МОБ за 2005 година за кои е изразено негативно мислење. Со ревизијата за 2010 година беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година, при што е констатирано дека не е постигнат задоволителен напредок во имплементацијата на препораките. Од вкупно пет (5) препораки имплементирана е една (1), две (2) препораки се делумно спроведени и две (2) препораки не се спроведени.

Врз основа на резултатите од ревизијата, изразуваме негативно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на сметката на основен буџет, како и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

За тековната година утврдивме недостатоци и пропусти кои се однесуваат на: не извршен попис на побарувањата од купувачите, не се врши уплата на средстав од закупнини во Буџетот на РМ, признавање на расходи и извршени плакања без обезбедена целосна и веродостојна документација, како и несоодветна примена на постапките за јавни набавки на услуги и материјали, пропишани со закон.

Во однос на наведените наоди, ревизијата препорача НУ МОБ да изврши попис и реално проценување на искажаните позиции на побарувања од купувачи, да обезбеди признавање на расходите врз основа на целосни и веродостојни сметководствени документи, како и целосно почитување на Законот за јавни набавки во сите фази на негова имплементација,.

Ревизијата, обрнува внимание и за начинот на кој е извршено обезбедување на потребните средства за измирување на тековните обврски на НУ МОБ. За таа цел извршено е позајмување на финансиски средства од друг правен субјект. Со цел да се избегнат вакви состојби потребно е НУ МОБ реално да ги планира и превзема обврски во рамките на одобрени средства со Буџетот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 10 до 11 заедно со ревизија на усогласеност на Национална установа „ Македонска опера и балет„ - сметка на основен буџет (631), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 19 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 став 2 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи на НУ МОБ за 2005 година и е изразено негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Оливер Арсовски – директор од 25.10.2006 година до 24.12.2010 година
- Дејан Прошев – директор од 24.12.2010 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите

материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на НУ МОБ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на

интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обебзбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 31.10.2011 година до 23.12.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

3.1. Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година. Резултатите од оваа ревизија се презентирани во Прилог број 1 кој е составен дел на овој извештај.

Од вкупно 5 препораки дадени во конечниот извештај на ОДР за 2005 година, од страна на МОН спроведена е 1 препорака, 2 препораки се делумно спроведени и 2 препораки не се спроведена.

Наведеното укажува дека од страна на НУ МОБ не е направен задоволителен напредок во имплементацијата на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор од 2005 година. НУ МОБ треба да продолжи целосно да ги имплементира и останатите препораки во планираните рокови.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 29.12.2011 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 16.01.2011 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

## 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. НУ МОБ со цел исплата на заостанатите обврски за електрична енергија а по претходно добиено решение за прекинување на електрична енергија, извршило позајмување на парични средства од правно лице кое користи деловен простор под закуп од МОН во вкупен износ од 2.000 илјади денари со каматна стапка од 11%. Меѓусебните односи на договорните страни во врска со позајмица на парични средства е регулирано со посебен договор склучен помеѓу двете страни, а врз основа на донесената Одлука на управен одбор со која се дава согласност за задолжување на НУ МОБ. За наведенето задолжување не е добиена согласност од надлежните институции. Позајмените средства биле целосно искористени за плаќање на заостанатите сметки за електрична енергија веднаш по нивната уплата на сметката во текот на 2009година. Враќањето на позајмените средствата е извршено во 2010 година од сметка на основен буџет, по пат на асигнација при што е извршено плаќање на сметките за електрична енергија на субјектот од кој е земена позајмицата. Поднесено е барање од страна на НУ МОБ до Министерство за финансии-Сектор трезор, за враќање на позајмените средства и одобрување на налозите од ставката 421-електрична енергија, во паричен износ, но истото не е одобрено. Ваквиот начин на задолжување на буџетските корисници и превземање на обврски за идни периоди не е во согласност со членот 16 од Законот за јавен долг.

**Препорака**

Одговорните лица во МОБ да ги разгледаат и земат во предвид законските ограничувања во врска со прашањето на финансирање преку земање на позајмици од правни лица за покривање на пристигнати обврски, и подмирувањето на истите задолжително да го врши од средства одобрени со Буџетот на Министерство за култура.

## 4.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.2.1. На позиција „Побарувања од купувачи во земјата, евидентирани се искажани побарувања од правни субјекти во вкупен износ од 8.999илјади денари. Ревизијата не изразува уверување во објективноста на искажаните побарувањата поради тоа што пописот на истите за 2010 година е направен со преземање на состојбата од сметководството без при тоа комисијата за попис

да ја утврди правната основа за нивното постоење, старосната структура како и дали и какви мерки се преземени за наплата на истите, што не е во согласност со Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Од причини што најголем дел на искажаните побарувања во вкупен износ од 4.776 илјади денари или 53% од вкупните побарувања се однесуваат на периодот на функционирање на МНТ од 2001-2007година за кои не е извршена поделба со делбен биланс, истите се делумно утужени и постои можност од застареност утврдена со Законот за облигациони односи.

**Препорака**
Пописната комисија да ја утврди правната основа и старосната структура на евидентираните побарувања од купувачи со цел давање предлог мерки за отпис на застарените побарувања и нивното реално искажување во Билансот на состојба.

**Биланс на приходи и расходи**

4.2.2. НУ МОБ во 2010 година има остварено приходи од издавање под закуп на деловен простор во вкупен износ до 4.795 илјади денари и средствата ги користи за сопствени потреби што не е во согласност со членот 7 од Законот за користење и располагање на стварите на државните органи, Средствата од закупнините ги наплатува на оваа сметка, иако истите треба да бидат приход на Буџетот на РМ, доколку со друг закон поинаку не е определено. Ваквото постапување има за ефект неосновано остварување на приходи во НУ МОБ што значи и необјективно прикажување на позиција приходи во Билансот на приходи и расходи.

**Препорака**
Средствата оставрени од издавање под закуп на деловен простор, целосно да се уплаќаат во Буџетот на РМ на содветната уплатна сметка дадена во Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи.

**4.3. Користење на средства согласно законски прописи**

4.3.1. Извршена е исплата по фактури во вкупен износ од 449 илјади денари по разни основи без соодветна поткрепувачка документација од која може јасно да се утврди основот и оправданоста на направените расходи, што не е во

согласност со членот 12 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. На овој начин вршени се исплати во следниве случаи:

- плаќања на фактури за угостителски услуги во кои не е наведен основот и намената за кој е извршена дадената услуга. НУ МОБ нема донесено интерен акт со кој ќе биде утврдено правото и висината на износот на репрезентација;
- исплатени се фактури за извршени плаќања преку дајнерс картичка за кои во прилог нема доставена поткрепувачка документација од која јасно ќе може да се утврди видот, намената и оправданоста на направените расходи; и
- делот на сметките за гориво не ги содржат потребни податоци на возилото кои ја определуваат сопственоста поради што ревизијата не можеше да се увери дека направените расходи за гориво се однесуват на службените возила на НУ МОБ.

**Препорака**

Органот на управување да донесе интерен акт со кој ќе се дефинира право то и висина на репрезентација. Исплатите на обврските да се вршаат исклучиво врз основа на целосна и веродостојна сметководствена документација.

4.3.2. Ревизија утврди слабости во постапки за јавни набавки кои се однесуваат на оваа сметка , а се наведени во точката 4.4.1. од Конечен извештајот на сметката на основен буџет (631). Во врска со овие набавки исплатени се средства во вкупен износ од 205 илјади денари за печатење на материјали.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектите од наодите изнесени во точките 4.2. и 4.3. а кои се однесуваат на: неизвршено попишување на побарувањата од купувачи, неосновано остварување на приходи, како и исплата врз основа на нецелосна сметководствена документација, ревизијата изрази негативно мислење за реалноста и објективноста на финансиската состојба, како и резултатот од финансиските активности на 31 декември 2010 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуват вистинито и објективно,

во сите материјални аспекти, финансискта состојба на НУ Македонска опера и балет – Сметка на основен буџет (631) на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечка законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 4.1, 4.2, и 4.3, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на НУ Македонска опера и балет – Сметка на основен буџет (631), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 22 февруари 2012 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 9.026 | 11.187 |
| Трансфери и донации | 39 | 5 |
| Домашно задолжување | 0 | 2.000 |
| **Вкупно приходи** | **9.065** | **13.192** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 8.851 | 12.448 |
| Каматни плаќања | 1 | 82 |
| Субвенции и трансфери | 4 | 250 |
| **Вкупно тековни расходи** | **8.856** | **12.780** |
| | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 165 | 372 |
| **Вкупно капитални расходи** | **165** | **372** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **9.021** | **13.152** |
| | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **44** | **40** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 44 | 40 |
| Побарувања | 8.999 | 8.485 |
| Активни временски разграничувања | 4.312 | 4.407 |
| **Вкупно тековни средства** | **13.355** | **12.932** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | 0 | 2.000 |
| **Вкупна актива** | **13.355** | **14.932** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.312 | 4.407 |
| Пасивни временски разграничувања | 9.043 | 8.525 |
| **Вкупно тековни обврски** | **13.355** | **12.932** |
| **Долгорочни обврски** | **0** | **2.000** |
| **Вкупна пасива** | **13.355** | **14.932** |